**Струмица Република Македонија**

# СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА 2017-2020

**ПРЕДГОВОР**

Стратегијата за Родова еднаквост 2017-2020 ги артикулира приоритети на Советот на општина Струмица за унапредување на родовата еднаквост преку организацијата и остварување на визијата за креирање на општина која е инклузивена, фер, безбедна и со почит кон сите граѓани независно од родовиот иденитет.

Општина Струмица препознава дека унапредувањето на родова еднаквост е од клучно значење за да се постигне подобра здравствена и социјална благосостојба; подобри организациски постигнувања; и спречување на насилството врз жените.

Како јас гледам на родовата рамнопраност:

Постигнувањата на еден систем зависат од човечкиот капитал кој тој систем го поседува и способноста тој ресурс да го користи ефикасно. Обезбедување на здрав развој и соодветна употреба на половина од достапниот талент во светот, има изразено влијание врз тоа колку една земја може да стане конкурентна или колку една компанија може да биде ефикасна.

Јасно е и во случајот на родовата еднаквост: Жените се половина од населението во светот и заслужуваат еднаков пристап до здравство, образование, економско учество и заработка и политичка моќ за донесување одлуки. Затоа што тие се ресурс и потенцијал како за нашата општина така и за светот.

Општина Струмица признава дека мажите и жените имаат различни пристап до средствата, моќ за одлучување и искуства во животот. Затоа ни се потребни стратеги со кои ќе се справиме со овој недостаток со цел да се постигнат еднакви резултати во сите области како за жените и мажите така и за момчињата и девојчињата.

Зоран Заев

Градоначалник на Општина Струмица

# 1. ВОВЕД

Како најголем работодавец, давател на услуги и застапувач на интерсите на граѓаните, Советот на општината има одговорност и обврска да го артикулира прашањето на родовата еднаквост и да се стреми кон изградба на инклузивна и фер заедница за жените и мажите.

Локалните власти играат клучна улога во создавањето на безбедни и здрави услови за заедниците на кои им служат. Локалните власти може да доведат до промена на политиките, планирање, програмирање, испорака на услуги, партнерства, политичко влијание и застапување и интегрирање на родовата еднаквост во сите акции и мерки, како целина од одговорноста кон заедницата.

Родова еднаквост во локалните политики треба да се интегрира во јадрото на сите мерки и акции, преку родови анализи; пристап до инфраструктура; планирање и употреба на земјиштето; промовирање на жените на раководни функции; работни места; спорт и рекреација и пристап до услугите.

Општина Струмица посветено работи да ја вградите родовата еднаквост во политиката и праксата .

Стратегијата се заснова на четири стратешки приоритети кои се фокусираат на економско јакнење на жената, еднакво учество на жената во јавниот и политичкиот живот, родово одговорно образование и спречување на родово базирано насилство. Ова се клучните прашања преку кои Општина Струмица стратешки ќе пристапи кон надминување на родовата нееднаквост.

**Правна основа**

Начелото на родова еднаквост е внесено во Уставот. Во 2006 год., беше донесен Законот за еднакви можности на мажите и жените. Законот ги постави основите за градење на јавната инфраструктура за креирање родово сензитивна политика (со назначување на координатори за еднави можности во

секое од министерствата и основање на комисиите за еднакви можности во секоја општина). Ова придонесе за зголемување на свесноста за родова еднаквост.

Стратегијата за Родова рамноправност на општина Струмица се заснова на Законот за еднакви можности на мажите и жените и Стратегијата за родово одговорно буџетирање донесена во Јули 2012 година. Дополнително два клучни меѓународни документи за родова рамноправност одат во поддршка на оваа локална страегија: 1. Светска Декларација за жени во локалната власт , со цел да се создадат одржливи, еднакви и демократски локални власти, каде што мажите и жените имаат еднаков пристап до донесувањето на одлуки, еднаков пристап до услугите и рамноправен третман на овие услуги, родова перспектива мора да биде интегрирана во сите области на политика и управување во локалната самоуправа. 2. Европската повелба за еднаквост на мажите и жените во локалниот живот - која се однесува на локалните и регионалните влади на Европа ", со цел" да се направи формална јавна посветеност кон принципот на еднаквост на жените и мажите ". Според Повелбата "еднаквноста на жените и мажите претставува основно право на сите, и е од суштинско значење за вредноста на секоја демократија, (која) не треба да биде само правно призната, но и ефикасно да се примени на сите аспекти од животот: политичкиот , економскиот, социјалниот и културниот. "

## 2. МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ

### ВИЗИЈА

Општина Струмица инклузивна, фер, безбедна и со почит кон сите граѓани која ја афирмира родовата еднаквост и обезбедува еднакви можности и квалитетен живот за сите

### МИСИЈА

Родово еднакви во политики и во пракса

## ПРИНЦИПИ И ЗАЛОЖБИ

- **Намалување на сиромаштијата -** родовата еднаквост и зајакнувањето на жените се суштински и упатуваат кон намалување на сиромаштијата и несигурноста и за достигнување на одржлив развој.

- **Инклузивност и почитување на различностите** - општина која ги разбира и одговара на различните потреби на граѓаните кои произлегуваат од нивниот родов идентитет, обликувани низ разните социјални, економски и култури фактори на влијание.

- **Стратегијата се заснова на принципите на одговорност и транспарентност и еднаквост во одлучувањето**

## 3. АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ

Во Општина Струмица има 56 783 жители. Покрај податоците од последниот попис на населението во 2002 година, Државниот завод за статистика секоја година на 30. јуни и 31. декември објавува информации за проценка на населението, за наталитет и морталитет, како и за внатрешни и надворешни миграции на населението. Ако ги споредиме податоците од пописот и движењето на населението низ годините, се забележува дека општина Струмица бележи пораст на населението и има позитивен природен прираст. Имено, бројот на населението во периодот 2002-2014 се зголемил за 2.107 лица, односно 3,85%.

Во однос на националната припадност, доминира населението од македонска националност (91,92%), потоа турското население (6,87%), со помалку од еден процент се застапени ромската заедница и други.

Како што може да се забележи од табелата подолу, бројот на женското и машкото население во општината е изедначен.

| 2002 | Вкупно население според пописот | 54 676 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Природно движење на населението во општина Струмица | | | | | | |
| | родени | Умрени | доселени | отселени | вкупно население | | |
| | | | | | Жени | мажи | вкупно |
| 2010 | 711 | 530 | 704 | 154 | 28 118 | 27 985 | 56 103 |
| 2011 | 655 | 544 | 256 | 229 | 28 201 | 28 079 | 56 280 |
| 2012 | 720 | 543 | 261 | 253 | 28 260 | 28 180 | 56 440 |
| 2013 | 685 | 540 | 259 | 240 | 28 327 | 28 288 | 56 615 |
| 2014 | 704 | 553 | 261 | 238 | 28 405 | 28 378 | 56 783 |

Извор: Државен завод за статистика, Статистика по области,Природно движење на населението, http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=10&rbrObl=2; Миграции, http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=9&rbrObl=2

Теоријата и праксата покажуваат дека поголемата вклученост на жените во одлучувачките процеси овозможува да бидат земени во предвид потребите на жените и нивните интереси. Поради тоа на анализата на состојбата во општината најпрво се прави оценка на родов баланс во одлучувањето.

Податоците презентирани во Табела.1 покажуваат дека родовиот баланс не е отсликан во Советот на Општина Струмица. Од вкупно 23 советника само една третина се жени што значи дека политичките партии номинирале жени за советници колку што барал законскиот минимум. Претседателот на Совет на Општина Струмица е маж.

Табела.1 Советници во Општина Струмица по пол

| | Број на жени | Број на мажи |
|---|---|---|
| Жители во општината | 28.405 | 28.378 |
| Советници во Совет на општината | 8 | 15 |

Во Општина Струмица вкупниот број на вработени изнесува 221 лица. **Табелата број 2** покажува дека во однос на распределбата на раководните места во општината не е постигнат родов баланс. Може да се забележи дека бројот на мажи на раководните функции доминира за разлика на бројот на жени.

Табела.2: Вработени во Општина Струмица по пол

| | Број на жени | Број на мажи |
|---|---|---|
| Вкупно вработени во општинска администрација | 78 | 143 |
| Раководители на сектори | 1 | 4 |
| Раководители на одделенија | 4 | 11 |

Податоците вметнати во **Табелата бр.3** покажуваат дека бројот на мажи членови на Управен одбор е поголем за разлика од број на жени. Она што е забележително е дека во 1 од 3 Јавни претпријатија за директор и за претседателка на Управен одбор има назначено жена.

Табела.3 Директори и членови на управен одбор во јавни претпријатија

| | Управен одбор 2016 | |
|---|---|---|

| | М | Ж | Претседател | Директор |
|---|---|---|---|---|
| ЈПКД Комуналец | 8 | 1 | м | М |
| ЈП Паркиралишта | 4 | 1 | м | Ж |
| ЈП Струмица-Гас | 3 | 2 | ж | М |

## ОБРАЗОВАНИЕ

Во статистичките податоци од основните и средните училишта може да се забележи поголема застапеност на жените во Совет на родители и во Училишен одбор. Додека односот на жени и мажи во директорските позиции е речиси еднаков од 2014 година, додека претходно бројот на жени на директорските позиции беше доминантен. Од овие податоци може да се забележи дека преовладуваат родовите стереотипи и дека жените се грижат за децата, со акцент на образованието е секогаш поврзано со мајката/жена во семејството/општеството. Ваквите стереотипи треба да се разбијат со што ќе се надмине тоа дека мајката е таа што треба да се грижи за детето и татковците поактивно ќе се вклучат во образовниот процес на децата со што ќе се обезбедат еднакви права и обврски на двајцата родители.

Табела.4 Учество на мажите и жените во раководење со основните училишта

| | Совет на родители 2015/2016 | | Училишен одбор 2015/2016 | | Директор |
|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | Ж | |
| Маршал Тито | 9 | 27 | 5 | 4 | Ж |
| Видое Подгорец | 8 | 35 | 2 | 7 | М |
| Никола Вапцаров | 3 | 37 | 2 | 7 | М |
| Даме Груев – с.Куклиш | 5 | 35 | 2 | 7 | Ж |
| Кирил и Методиј – с.Дабиле | 10 | 17 | 8 | 1 | М |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Маршал Тито – с.Муртино | 3 | 6 | 5 | 4 | Ж |
| Герас Цунев – с.Просениково | 16 | 19 | 6 | 3 | М |
| Гоце Делчев – с.Вељуса | 3 | 18 | 2 | 7 | Ж |
| Сандо Масев | 1 | 8 | 3 | 5 | Ж |

Табел.5 Учество на мажите и жените во раководење со средните училишта

| Средни училишта во општина Струмица | Совет на родители 2015/2016 | | Училишен одбор 2015/2016 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | Директор |
| Јане Сандански | 4 | 7 | 5 | 6 | Ж |
| Димитар Влахов | 3 | 5 | 6 | 5 | М |
| Никола Карев | 4 | 4 | 4 | 7 | М |

Податоците за вклученоста во основното образование во општина Струмица зборуваат за намалување на бројот на ученици по учебни години. Од вкупно 5.760 ученици запишани во учебната 2010/ 2011, бројот на учениците во основните училишта во 2014/ 2015 се намалил на 4.472. Во интервју со директорите и наставниот кадар од основните училишта информацијата за осипување на учениците беше потврдена. Според нив, оваа група ученици потекнуваат од социјално загрозени семејства коишто сезонски или пак, долгорочно од економски причини ја напуштиле замјата. Во некои од училиштата се чуваат местата на децата коишто заедно со родителите вршат сезонски работи, со што им се овозможува повторно враќање на наставата. Соодносот ученички и ученици е речиси ист.

Табела бр. 6: Ученици во основни училишта, по пол и учебни години во општина Струмица

| Учебна година | Вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|
| 2010/11 | 5760 | 2 795 | 2 965 |
| 2011/2012 | 5653 | 2 788 | 2 865 |
| 2012/2013 | 5 491 | 2 677 | 2 814 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2013/2014 | 5 395 | 2 605 | 2 790 |
| 2014/2015 | 4 472 | 2 202 | 2 270 |
| Извор: Државен завод за статистика, http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/ObrazovanieNauka/OsnovnoObrazovanie/OsnovnoObrazovanie.asp | | | |

Родовите стереотипи се уште преовладуваат кога станува збор за машки и женски професии. Со овие стереотипи сеуште не може да се искорени традиционалната улога на жената којашто претставува пречка на која жените често наидуваат на своето работно и пошироко опкружување. Врз основа на овие стереотипи во основните и средните училишта во Општина Струмица доминираат жените – професорки, наставнички, негувателки, воспитувачки.

Од табела број 7 може да се види соодносот наставници-ученици во основните училишта е 11:1 и бројот на жени наставнички е поголем споредено со бројот на мажи наставници.

**Табела 7:** Број на наставници и наставнички во основно образование

| | Вкупно | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| 2010/11 | 441 | 316 | 125 |
| 2011/12 | 446 | 312 | 134 |
| 2012/13 | 444 | 312 | 132 |
| 2013/14 | 438 | 306 | 132 |
| 2014/15 | 398 | 276 | 119 |
| Извор: Државен завод за статистика, МАКСТАТ база | | | |

Бројот на ученици во средните училишта бележи намалување во последните пет години, па не се забележуваат значителни разлики помеѓу женските и машките ученици. Повторно се претпоставува дека ова намалување се должи на миграциите, бидејќи општината има позитивен природен пораст на населението.

Табела бр. 8: Ученици во средни училишта во општина Струмица, по пол и учебни години

| Учебна година | Вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|
| 2010/11 | 4 057 | 2 018 | 2 039 |
| 2011/12 | 4 106 | 2 034 | 2 072 |
| 2012/13 | 4 018 | 1 999 | 2 019 |
| 2013/14 | 3 899 | 1 934 | 1 965 |
| 2014/15 | 3 804 | 1 890 | 1 914 |
| Извор: Државен завод за статистика, МАКСТАТ база | | | |

Како во основните така и во средните училишта бројот на наставнички е поголем за разлика од бројот на наставници. Родовата улога на жената е мошне забележителна во образованието. Самите податоци покажуваат дека постои поделба на работите на машки и женски, односно одредени професии или области се сметаат традиционално за машки или женски, и жените доминираат во образованието. Така и во Општина Струмица жените доминираат во образованите професии.

**Табела бр.9**: Професори/професорки во средните училишта во општина Струмица, по пол и по учебна година.

| Учебна година | Вкупно | Професорки | Професори |
|---|---|---|---|
| 2010/11 | 240 | 135 | 105 |
| 2011/12 | 251 | 143 | 108 |
| 2012/13 | 255 | 146 | 109 |
| 2013/14 | 256 | 152 | 104 |
| 2014/15 | 258 | 147 | 111 |
| Извор: Државен завод за статистика, МАКСТАТ база | | | |

Во основните училишта во Општина Струмица бројот на ученици по пол е речиси изедначен.

**Табела.10:** Ученици во основните училишта во Струмица според пол

| ОУ | Запишани ученици 2015/2016 | | |
|---|---|---|---|
| | м | Ж | вкупно |
| Сандо Масев | 425 | 427 | 852 |
| Видое Подгорец | 480 | 496 | 976 |
| Никола Вапцаров | 452 | 418 | 870 |
| Маршал Тито | 323 | 278 | 601 |
| Даме Груев – с.Куклиш | 169 | 174 | 343 |
| Кирил и Методиј – с.Дабиле | 71 | 76 | 147 |
| Маршал Тито – с.Муртино | 163 | 126 | 289 |
| Герас Цунев – с.Просениково | 146 | 155 | 301 |
| Гоце Делчев – с.Вељуса | 31 | 32 | 63 |

Во однос на родовиот баланс во средните училишта може да се забележи дека постои дисбаланс. (Види табела 11). Имено се стереотипи кои што преовладуваат во СДУ Димитар Влахов каде што постојат и медицински струки и имаме опфат на многу поголем број на девојчиња за разлика од момчиња, како и во гимназијата Јане Сандански додека во Стручното средно училиште Никола Карев со застапени струки:машински, сообраќаен, текстилно кожарска, електро-техничка, градежно – геодетска, шумарско – дрвопреработувачка,применета ликовна уметност и спортска гимназија) ситуацијата е спротивна.

**Табела.11** Ученици во средните училишта во Струмица според пол

| Средни училишта | Запишани ученици 2015/2016 | | |
|---|---|---|---|
| | М | Ж | Вкупно |
| Јане Сандански | 439 | 764 | 1203 |
| Димитар Влахов | 432 | 725 | 1157 |
| Никола Карев | 881 | 305 | 1186 |

Во општина Струмица има 1 централна градинка и 5 клонови од кои, еден е во Ново Село. Вкупниот капацитет на градинките изнесува 600, а се запишани 930 деца.

Во поглед на етничката припадност на децата запишани во градинки во општина Струмица, како што може да се види во Табела 10, станува збор исклучително за деца од македонска националност. Ова е сериозен предизвик на кој општината треба да работи, земајќи предвид дека има значителен број турско и ромско малцинство. Од самата табела може да се забележи дека соодносот машки и женски деца е речиси изедначен.

**Табела 12:**Број на запишани деца во градинки по пол и етничка припадност во општина Струмица

| етничка структура | македонци | турци | роми | Срби |
|---|---|---|---|---|
| структура по пол | ж | м | ж | М |
| | 442 | 462 | / | / |
| ВКУПНО | 904 | / | / | / |
| Извор: Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.03.pdf | | | | |

Бројот на запишани деца во градинките во изминатите пет години бележи зголемување и постојано ги надминува реалните просторни капацитети. Споредено со 2010 година, бројот на деца е зголемен за 30%. Родови разлики во овој дел не се забележуваат. Од друга страна, според официјалните достапни податоци, бројот на вработени се намалил, што уште еднаш потврдува дека градинките се соочуваат со недостиг на просторни и човечки ресурси, да одговорат на реалните потреби за квалитетна организација на работата. Она што може да се забележи е дека застапеноста на мажите во детските градинки во Општина Струмица е на најниско ниво. Сето ова покажува дека треба да се работи на подигање на свеста кај мажите за вработување во градинките и со тоа да се надмине овој родов дисбаланс. Табела 13: Број на деца и вработени во детските градинки во Општина Струмица

**Табела бр. 13**: Деца и вработени во установи за згрижување по пол и години во општина Струмица

| | Деца | | | Вработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Женски | Машки | Вкупно | Жени | Мажи |
| 2010 | 631 | 308 | 323 | 133 | 125 | 8 |
| 2011 | 707 | 371 | 336 | 134 | 126 | 8 |
| 2012 | 793 | 389 | 404 | 134 | 126 | 8 |
| 2013 | 973 | 507 | 466 | 125 | 119 | 6 |
| 2014 | 854 | 410 | 444 | 121 | 115 | 6 |
| Извор: Државен завод за статистика, Макстат база | | | | | | |

Информациите за профилите на невработените лица треба да бидат земени предвид кога се планираат мерки за локален економски развој, но секогаш мора да се внимава на фактот дека станува збор само за дел од реално невработените лица во општината. Понатаму, сите постоечки мерки за вработување и самовработување во нашата држава се достапни за користење само за тие што се регистрирани како активни баратели на работа. Тоа значи дека практично најранливите категории се изоставени од тие мерки (жени, население од рурални средини). Општинските власти, при креирање на локалните мерки, треба да дејствуваат токму во насока на обезбедување услуги и поддршка за тие групи коишто не ги исполнуваат критериумите за мерките на централно ниво. Во таа насока, иницијативата на општина Струмица за поддршка на млади претприемачи е позитивен пример за локална политика што треба да одговори на дел од предизвиците во локалната заедница, намалување на сиромаштијата и зголемување на социјалната кохезија. Оваа иницијатива ќе даде посебен фокус на жените, особено жените од руралните средини, со цел нивно економско јакнење и инклузија.

Податоците од Табелата бр.14 издадени од Агенција за вработување покажуваат дека помалку од половината од лицата кои бараат работа се жени. Анализата на податоците прикажани во табелата подолу покажува дека родов дисбаланс постои кај лицата кои бараат работа а имаат непотполно средно образование (поголем лица се од машки пол) и кај лица кои бараат работа а имаат завршено високо образование и средно (поголем број на лица се од женски пол). Потребно е да се испита зошти жените со средни и високо образование се помалку атрактивни да најдат работа отколку мажите и во кои сектори се нивните професии за да општината да направи соодветни програми за отварање на работни места онаму каде што е потребно или да промовира програма за дообука и преквалификација.

Табела.14 Структура на невработени според образование

| Образование | Вкупно | Женски |
|---|---|---|
| Невработени | 3339 | 1399 |
| Без образование и со основно | 1476 | 434 |
| Непотполно средно | 428 | 147 |
| Завршено средно | 888 | 471 |
| Више образование | 90 | 41 |
| Високо образование | 440 | 299 |
| Магистри на науки | 15 | 6 |
| Доктори на науки | 2 | 1 |

# 4. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ 2017-2020

## 4.1 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1 – ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА НА ЖЕНАТА

Економското јакнење и подобрување на положбата на жената е предуслов за реализација на потенцијалите за раст и развој на секоја локална самоуправа. Со зголемено учество на пазарот на труд и со повисока стапка на вработеност родовата рамноправност добива своја економска димензија. Во процесот на пристапување на Република Македонија кон Европската Унија, може да се заклучи дека на ниво на законодавство (од областа на пазарот на трудот и правата на жената), законодавството е солидно усогласено со европските стандарди, и конвенции на МОТ преку усвојувањето (потпишувањето и ратификацијата на наведените документи), со тоа што законски се обезбедува една правна заштита на жената на пазарот на трудот. Но и покрај тоа потребно е унапредување на законската рамка, но она што е најголем предизвик и останува и натаму е нејзината имплементација. Неопходно е да бидат репознаваена дискримнацијата врз основа на родот на пазарот на труд (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право, односно обезбедување на сервиси за бесплатна правна помош за жртвите на родово базираното насилство на пазарот на труд. Зголемување на стапката на вработеност на жената претставува дел од повеќе стратегии – кои се однесуваат на општа популација (Стратегија за вработување, Стратегија за намалување на сиромаштија и социјална исклученост 2010-2020, ,

Стратегија за превенција и заштита од семејно насилство), но мерките кои се однесуваат на општите стратегии претставуваат само родов концепт но не и императив во имплементацијата на стратегиите. Воведување на мерки за балансирање на приватниот и јавниот живот би биле значајни пред се преку воведување флексисигурни работни ангажмани како и промовирање на скратеното работно време во комбинација со поделбата на обврските во семејството за грижата за деца и стари и зависни лица.

### ЦЕЛ; ЕКОНОМСКО ЗАСИЛУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

- Афирмација на можностите за само вработување во областа на земјодлеството, преку потикнување на женско претпиемништво и подобрување на информираноста на жените за можностите за пристап до фондови (ЕБОР, ИПАРД итн) и насочување за нивно искористување.
- Менторство и подршка на жените од руралните средини во пристап до фондови преку советување
- Формирање на фонд за женско претприемништво на Општина Струмица
- Задолжителна проценка на влијанието на локалните економски политики во општина Струмица врз жените иницирани и разгледани од Комисијата за еднакви можности за мажите и жените
- Проценка на состојбата со социјалните осигурувања на жените вклучени во земјоделие и лобирање за промена на законските решенија кој ќе обезбедат поголема сигурност за жените во руралните средини
- Промоција на успешни, жени како модел/пример за добри практики преку редовни дебати и размена на искуства
- Воведување на целодневна настава во основните училиштата која ќе обезбеди слободно време на жените за нивно вклучување во економскиот живот
- Афирмација и поттикнување на креативни индустрии и занаети (дизајни, накит итн) преку организирање на промотивни настани и воведување на вон наставни активности во средните училишта на теми поврзани со економско јакнење на жените

## 4.2. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2 - РОДОВО ОДГОВОРНО ОБРАЗОВАНИЕ

Сметајќи дека образованието е најчесто проактивно во поглед на намалувањето на влијанието на женската стереотипизација која доаѓа и од домот,но и од останатито опкружување,внесување на теми во учебниците кои кои целосно ќе бидат наменети и ќе се занимават со родовите разлики и нивното надминување се итекако неопходни.

Промена на перцепцијата за родовиотидентитет е долготрен и макотрпен процес,но може да се промени само и еднствено со промена на општествено поимање на идентитетите кое ќе овозможува и промовира нестереотипно,а тоа мора да започне од училишните клупи.

- Истражување за состојбите и причините на малолетничките бракови на територија на Општина Струмица.
- Превенција на малолетнички бракови на девојките од рурални средини преку воведување на програмите во училиштата во делот на граѓанско образование и вештини на живеење кои ќе ги адресираат овие прашања.
- Кампања и едукација за превенција на малолетни бракови и бракови од интерес и советување со родители и ученици.
- Унапредување и зголемување на ефикасноста на педагошките служби во училиштат (педагог, психолог, социјалог) во насока на превенција на малолетните бракови и едукација на децата, но и други сфери на нивното работење.
- Подобрување на квалитетот на предшколско образование преку креативни работилници и развивање на когнитивни вештини, преку промоција и вклучување на децата во нетипични активности за момчиња/ девојчиња .
- Инклузија на лица со попречениот преку воведување на ментори (личен и образовен асистент) во наставата.
- Промоција на девојки во нетипични спортови во училиштата

## 4.3. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3 - ЕДНАКВО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ

Еднаквото учество на жените во процесите на одлучување во јавниот и политичкиот живот, е од витално значење за демократијата на секоја земја. Напорите на Република Македонија во изминатите години за поголемо вклучување на жените покажуваат позитивни достигнувања, но сепак резултатите посочуваат дека се уште има простор да се работи на тоа прашање. Така, забележан е позитивен тренд онаму каде законодавецот предвидел конкретни мерки. По донесувањето на Изборниот законик 2006 година, на национално ниво бројот на пратенички во парламентарните состави ја исполнува критичката бројка од 30%, препораките на Советот на Европа повикуваат на зголемена застапеност од 40%. Во 2015 се донесоа измени во Изборниот законик и квотата се зголеми на 40 % застапеност. Мора да се нагласи фактот, дека благодарение на зголемениот број на жени во највисокото претставничко тело, бројни прашања беа дискутирани, разгледувани и од аспект на родовата еднаквост. Учеството на жените по општини има голем диспаритет од една до друга општина. Имено, постојат општини каде учеството на жените е над 41% (3 општини), постојат општини каде учеството е повеќе од 30% (25 општини), во најголем дел застапеноста се движи од 20%-30% (32 општини), но за жал има се уште многу општини каде учеството на жените е под 20% (25 општини). Жените од урбаните средини учествуваат во поголем процент во покренувањето на локалните иницијативи и во нивното спроведување, исто така и нивната застапеност во органите и телата на одлучување е многу поголема за разлика од жените

од руралните средини. За жал во руралните средини се уште постои стереотипното гледање на улогата на жената во општеството. Од страна на сите општини се истакнува како позитивно постоењето на афирмативните мерки за учество на жената во Советите на локалните самоуправи. Но, сите сметаат дека ова афирмативна мерка треба да се промени, односно да се зголеми процентот на учество на жената преку нова мерка, а исто така се потенцира и потребата оваа мерка да се прошири на останатите тела и органи на одлучување на локално ниво, а не да биде само за учество на жените на кандидатските листи за избор на советници во локалните самоуправи. Општините сметаат исто така дека е неопходно да се преземаат повеќе мерки за намалување на невработеноста кај жените со цел намалување на економската зависност на жените од мажите бидејќи економски зависната жена не може да биде вклучена во политичкиот и јавниот живот.

## ЦЕЛ : ЗГОЛЕМЕНО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ НА ОДЛУЧУВАЧКИ ПОЗИЦИИ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

- Анализа на состојбите на жените на одлучувачлите позиции во Општина Струмица
- Воведување на критериуми за назначување на жени и мажи во одлучувачките тела на јавните претпријатија и други

## ЦЕЛ: АФИРМАЦИЈА НА КУЛТУРАТА ОД РОДОВ АСПЕКТ

- Воспоставување на театариски претстави и проекција на филмови за промоција на родовите аспекти и други вредности преку поддршка на аматерски здруженија во оваа област.
- Вечери на родова еднаквост преку проекција на филмови и јавни дискусии
- Стимулирање на здруженија за афирмација на родови аспекти низ други аспекти во областа на култутрата (поезија, ликовни поставки, афоризми)

## ЦЕЛ : ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО ПРОМОЦИЈА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

- Воведување на родово-сензитивни критериуми при доделување на грантови за поддршка на граѓанските организации
- Вклучување на ГО во имплементација на локални политики во одредени сектори и дејности со посебен осврт на родовите прашања
- Обука за ГО за вклучување на родовите аспекти во проектите кои тие ги аплицираат и имплементираат во рамките на Општина Струмица

## ЦЕЛ: ВОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВА КОМПОНЕНТА ВО ПРОЦЕСОТ НА БУЏЕТИРАЊЕ

- Насоки за Комисијата за родова еднаквост (КЕМ) за оценка на програмите од родов аспект
- Обуки, работилница за КЕМ и администрацијата за родовите аспекти во политиките и буџетите
- Водење и прибирање на родово одговорна статистика во општина Струмица
- Отворање на 3 детски градински во населени места Муртино, Куклиш и Просениково
- Декларација за родова еднаквост

## 4.3. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4. СПРЕЧУВАЊЕ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Родово базираното насилство многу малку е дискутирано во Македонија, посебно во креирањето на политиките и донесувањето на одлуките. Поимот родово базирано насилство не е вклучен во легислативата и националните стратешки документи, што укажува дека различните форми на насилство врз жените не се сметаат за родово базирани или пак се подразбираат изолирано едно од друго. Законската рамка и стратешките документи не посветуваат внимание на други видови на насилство врз жената, освен силувањето и физичкото насилство. Родот како основа за дискриминација и насилство, се споменува само во Законот за спречување и заштита од дискриминација. Неодамна, Република Македонија стана една од првите земји во регионот кои ја потпишаа Конвенцијата на Советот на Европа за борба и превенција на насилство врз жената и семејно насилство (Истанбулска конвенција, 2011), која се уште не е ратификувана. Ова претставува значаен чекор, бидејќи конвенцијата е првиот меѓународен правно обврзувачки документ кој специфично го адресира насилството врз жената.

**ЦЕЛ : БОРБА ПРОТИВ РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО, ЗАШТИТА И ПОДДРШКА НА ЖРТВИТЕ**

- Подобрување на достапноста до податоци, квалитет и сигурност ;
- Подигање на свеста, да се промовира ставовите на промени, превенција и заштита;
- Подобрување на поддршка на жртвите и пристап до правда и услуги

| **Акциски план** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| **СП. 1 Подобрување на економската состојба на жените**<br><br>**ЦЕЛ: Економско засилување на жените во општина Струмица** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Афирмација на можностите за само-вработување во областа на земјоделството, преку поттикнување на женско претприемништво и подобрување на информираноста на жените за можностите за пристап до фондови (ЕБОР, ИПАРД, итн.)** | 2 Отворени денови на годишно ниво во Струмица и руралните средини (3% на Новоотворени бизниси од присутните на Отворените денови). | 2017-2020 | **22 000** | КЕМ, координатор за еднакви можности, АВРМ, Оделение за меѓународна соработка и ЕУ фондови |
| **Менторство и подршка на жените од руралните средини за пристапот до фондови преку советување** | Петок - отворен ден за број на побарани услуги<br>Информативни сесии | 2017-2020 | / | Координатор за еднакви можности |
| **Формирање на Фонд за женско претприемништво на Општина Струмица** | • Формиран фонд за ... (домашни и странски) ....<br>• Искористеност на средства<br>• % на одржливи бизниси | 2017 | 2.400.000 | Координатор за еднакви можности, КЕМ, Одделение за ЛЕР |
| **Задолжителна проценка на влијанието на Локалните економски политики врз жените во општина Струмица, иницирани и разгледани од** | • Број на прифатени интервенции од страна на општината | 2017-2020 | / | КЕМ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Комисијата за еднакви можности на мажите и жените** | | | | |
| **Проценка на состојбата со социјалните осигурувања на жените вклучени во земјоделие и лобирање за промена на законските решенија кои ќе обезбедат поголема сигурност за жените во руралните средини** | • Број на земјоделски осигуреници (% жени и мажи) | 2018 | 30. 000 | КЕМ, Одделение за ЛЕР |
| **Промоција на успешни жени како модел/пример за добри практики преку редовни дебати и размена на искуства** | • Број на учесници на дебати (организирање на 4 дебати на годишно ниво) | 2017-2020 | **28. 000** | КЕМ |
| **Воведување на целодневна настава во основните училиштата која ќе обезбеди слободно време на жените за нивно вклучување во економскиот живот** | • Број на ученици кои<br>• посетуваат целодневна настава<br>• во основните училишта | 2017 | ТДО со Одделение за образование и Одделение за урбанизам | Одделение за образование, Министерство за образование и наука, КЕМ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Афирмација и поттикнување на креативни индустрии и занаети (дизајни, накит итн.) преку организирање на промотивни настани и воведување на вон-наставни активности во средните училишта** | - Број на релизирани промоции на жени кои се вклучени<br>• во креативните индустрии (2 промотивни настани)<br>• Број на изработени креации од ученичките во средните општински училишта на вон-наставните активности<br>• Износ на собрани средства од продажбата на креациите на завршна продажна изложба на крајот од училишната година | 2017-2020 | 90. 000 | Средни општински училишта, Одделение за образование |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **С.П. 2 Родово одговорно образование**<br><br>**Цел: Родово одговорно образование** | | | | |
| **Мерка** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| **Истражување за состојбите на територија на Општина Струмица во однос на малолетните бракови ...** | • Идентификација на бројот на малолетни бракови на годишно ниво (создавање на Тим, анкетни прашалници во основните и средните училишта за причините за малолетни бракови<br><br>• Меѓуинституционална соработка (општина Струмица, Министерство за правда и Центарот за социјална работа) | 2017-2020 | 180. 000 | Општина Струмица, Министерство за правда и Центарот за социјална работа |
| **Превенција на малолетнички бракови на** | 24 работилници | 2017-2020 | 450.000 | Средни општински училишта, Одделение за образование |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **девојките од рурални средини преку воведување на програмите во училиштата како дел на Граѓанско образование и Вештини на живеење, а кои ќе ги адресираат овие прашања** | (дебати, трибини) годишно (во 12 училишта x 1 полугодие) | | | |
| **Кампања и едукација за превенција на малолетни бракови и бракови од интерес и советување со родители и ученици** | Развиена и зголемена свест кај родителите и учениците за последиците од малолетнички бракови | 2017-2020 | | КЕМ, Одделение за Образование |
| **Унапредување и зголемување на ефикасноста на педагошките служби во училиштата (педагог, психолог, социолог) во насока на превенција на малолетните бракови и едукација на децата, но и други сфери на нивното работење.** | Стручно усовршување и обука на педагошки служби со тематски приод со ученици и родители за превенција од малолетни бракови (2 годишно со вклучување на сите училишта) | 2018-2019 | 72. 000 | Средни општински училишта, Одделение за образование, КЕМ |
| **Подготвување на квалитетот** | • Обуки на воспитно наставен | 2018-2020 | 360.000 | Општинска градинка „Детска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **на претшколско образование преку креативни работилници и развивање на когнитивни вештини, преку промоција и вклучување на децата во нетипични активности за момчиња и девојчиња** | кадар во детските градинки (30 обуки-3 години) | | | радост“, Одделение за образование, КЕМ |
| **Инклузија на лица со попреченост преку воведување на ментори (личен и образовен асистент) во наставата** | Воведување ментори во 12 училишта | 2017-2020 | 1.000 000 | Средни и основни општински училишта, Одделение за образование, КЕМ |
| **Промоција на девојки во нетипични спортови во училиштата (фудбал, итн.)** | • Организација и реализација на меѓуклубски турнири во женски спортови- 2 пати годишно (ракомет, кошарка, одбојка,фудбал, кик бокс) | 2017-2020 | 90. 000 | Одделение за спорт, Одделение за образование, КЕМ |

**С.П. 3 Еднакво учество на жените во јавниот и политичкиот живот**

**ЦЕЛ: Зголемено учество на жените на одлучувачки позиции во општина Струмица**

| **Мерка** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Анализа на состојбите на жените на одлучувачките позиции во Општина Струмица** | • Број на жени на одлучувачки позиции во институции во надлежност на локални самоуправа, директорки на Јавни претпријатија, членови на управни одбори на ЈП, на училишни одбори, раководители на сектори и одделенија во локалната самоуправа, претседателки на комисии) | 2018 | / | Координатор за еднакви можности на мажи и жени |
| **Спроведување на критериуми за назначување на жени и мажи во одлучувачките тела на јавните претпријатија и други** | • Донесување на правилници за подеднакво учество (%) на мажите и жените во одлучувачките тела на институциите<br>• | 2018 | / | КЕМ, Совет на општина Струмица |
| **Адаптација и пренамена на градинки во 3 населени места во Општина Струмица: Куклиш, Муртино и Просениково** | • Број на згрижени деца во трите рурални градинки | 2017 | 8.967.274 (со ДДВ) | Општина Струмица, Министерство за финансии (гранд ИПА) |

| ЦЕЛ: Афирмација на културата од родов аспект | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поставка на театарски претстави и проекции на филмови за промоција на родовите аспекти и други вредности преку поддршка на аматерски здруженија во оваа област** | • Една театарска претстава со поддршка на аматерски здруженија со 6 изведби во 2018 г. (во градот и населените места) | 2018 | 80. 000 | Дом за деца и млади, културни НВО, аматерски драмски здруженија, Општина Струмица |
| **Вечери на родова еднаквост преку проекција на филмови и јавни дискусии** | • Недела на проекции на филмови од родов аспект<br>• Две јавни дебати во текот на годината за родови аспекти во културата | 2017-2020 | 20. 000 | КЕМ |
| **Стимулирање на здруженија за афирмација на родови аспекти низ останати аспекти во областа на културата (поезија, ликовни поставки, афоризми, итн.)** | • Вечер на поезија со афоризми од родов аспект (афоризми, народни приказни и поезија)<br>• Ликовна изложба од дела по објавен конкурс) една во 2017, една во 2019 | 2017 и 2019 | 40. 000 | Културни НВО |

| ЦЕЛ: Поддршка на граѓанскиот сектор во промоција на родовата еднаквост | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Воведување на родово-сензитивни критериуми при доделување на грантови за поддршка на граѓанските организации** | Методологија за финансирање на граѓанските организации, со плус поени за проекти од родов аспект | Континуирано | / | Одделение за ЛЕР |
| **Вклучување на ГО во имплементација на локални политики во одредени сектори и дејности со посебен осврт на родовите прашања** | Работилници за граѓанските организации за концепт за родова еднаквост за аплицирање на проекти | 2018-2020 | 150. 000 | Центар на заедницата на општина Струмица, Одделение за ЛЕР |
| **Обука за ГО за вклучување на родовите аспекти во проектите кои тие ги аплицираат и имплементираат во рамките на Општина Струмица** | % на граѓанските организации во работата на секторите на локалната самоуправа | 2019 | / | Центар на заедницата на општина Струмица, Одделение за ЛЕР |
| **ЦЕЛ: Воведување на родова компонента во процесот на буџетирање** | | | | |
| **Мерка** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| **Насоки за Комисијата за еднакви можности за оценка на програмите** | Две обуки на годишно ниво за Комисијата за | 2017-2020 | 150. 000 | Надворешни едукатори од сферата на родовата еднаквост |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **од родов аспект** | Родова Еднаквост и локална самоуправа | | | |
| **Обуки, работилници за КЕМ и администрацијата за родовите аспекти во политиките и буџетите** | Анкета за прибирање на податоци за родово одговорни статистики | 2017-2020 | 20. 000 | Надворешни едукатори од сфера на родова еднаквост |
| **Водење и прибирање на родово одговорна статистика во општина Струмица** | Извештај за состојбата на мажите и жените во општина Струмица | 2017-2020 | 10.000 | КЕМ |
| **Декларација за родова еднаквост** | Изработка на декларација за родова еднаквост | 2017 | / | Координатор за еднакви можности и Комисија за еднакви можности |
| **С.П. 4 Спречување на родово базирано насилство**<br><br>**ЦЕЛ: Борба против родово базирано насилство, заштита и поддршка на жртвите** | | | | |
| **Подигање на свеста, да се промовираат ставовите на промени, превенција и заштита** | Формирано работно тело (координатор за еднакви можности при Општина Струмица, МП, Омбудсман, КЕМ, МВР и Центар за социјални работи, НВО) | 2017 | / | координатор за еднакви можности при Општина Струмица, МП, Омбудсман, КЕМ, МВР, Центар за социјални работи, НВО |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Воспоставување на шелтер центар за заштита на жртви на семејно насилство** | Број на жени жртви на семејно насилство кои се згрижени во Шелтер центарот<br>Број на дадени правни услуги | 2017-2020 | 1.000.000 | Општина Струмица и НВО |